македонски
железници
инфраструктура

Јавно Претпријатие **МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ИНФРАСТРУКТУРА**
Ул. Јордан Мијалков бр. 50-б, 1000 Скопје
П.Фах 543 | Тел. +389 (0) 23 227 903 | Факс: +389 (0) 22 462 330
Ndërmarrja Publike **HEKURUDHAT E MAQEDONISË INFRASTRUKTURA**
Rr. Jordan Mijallkov nr. 50-b, 1000 Shkup
K. Postale 543 | Tel. +389 (0) 23 227 903 | Faks: +389 (0) 22 462 330
www.mzi.mk | e-mail: info@mzi.mk

Број 0819 - 284/3
04.03.2019година

ДО
ОПШТИНА БИТОЛА
Битола

ПРЕДМЕТ: **Информација за времено регулирање на сообраќајот на возовите**

За реализација на проектот Изградба и реконструкција на железничката делница Битола – Кременица на коридорот Xd, по барање на изведувачот на работите фирмата Искра, **во период од 05.03.2019 година до 20.03.2019 година** ќе се изврши целосно исклучување на напојувањето на СС постројки во станица Битола заради извршување на работи - замена на постоечкиот напоен уред со нов и замена на постоечката станична поставница со нова.

Со почетокот на работите за замена на постоечкиот напоен уред со нов и замена на постоечката станична поставница со нова, при исклучување на напојувањето на СС постројките, **патните премини во градското подрачје на општина Битола во насока кон станица Прилеп ќе бидат исклучени и нема да може да се реализираат команди за нивно обезбедување (вклучување на светлосната и звучната сигнализација и спуштање на полубраниците) и истите ќе бидат вон функција до нивното повторно вклучување.**

**Возниот персонал на возовите ќе биде известен дека патните премини (кои се обезбедени со светлосна и звучна сигнализација и полубраници) на км 126+308, км 126+874, км 127+095, км 128+179, км 128+195 и на км 128+534 (почнувајќи од Соко Таб Битола доо - Битола до железничка станица Битола) ќе бидат исклучени од редовна работа и дека возот треба да застане пред истите, да ги обезбеди и внимателно да го продолжи возењето.**

За Ваша информација и натамошна надлежност.

Изработил: С. Тасиќ

Одобриле: Ивица Алексовски

Петар Спасовски

**ДИРЕКТОР**

**Irfan Asani**

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ СКОПЈЕ